ИЗЛОЖБА, МУЗЕЈ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ

# „Преобразби“ на македонските скулптори во минатиот век

Во Музејот на современата уметност, вечерва во 20 часот, ќе биде отворена студиска ликовна изложба на македонската модерна и современа скулптура, под наслов „Преобразби 2“. Ќе бидат претставени 50 дела од 30 наши автори. За изложбата, МСУ отпечати каталог со текст на историчарката на уметност Соња Абаџиева, авторка на проектот и кустос-советник во Музејот.

На изложбата се застапени дела од: Димо Тодоровски, Димче Коцо, Борка Аврамова, Јордан Грабулоски, Петар Хаџи-Бошков, Драган Поповски, Борис Николоски, Стефан Манески, Томе Серафимовски, Васил Василев, Александар Иваноски-Карадере, Олга Милиќ, Станко Павлески, Томе Аџиевски, Исмет Рамиќевиќ, Петре Николоски, Глигор Стефанов, Искра Димитрова, Мирна Арсовска, Ирена Паскали и други.



„Пластичен амбиент“ - дело од Јордан Грабул

Проектот е студиска изложба, каде што се анализираат модалитетите на преобразбите на скулптурата, а го опфаќа периодот од почетоците на „модерната“ до скулпторските изразености, карактеристични за крајот на минатиот век.

Формите на истражување на македонската скулптура се разработени во неколку целини - техника, материјали, проширување на поимот „скулптура“ преку мултимедијална практика. Истражувањето се однесува исклучиво на феноменолошката, формална димензија, како место на најголеми промени на таа ликовна дисциплина, независни од системските, политичките, идеолошките, националните, верските и слично утврдените кодекси.

На изложбата се застапени скулптори, сликари, архитекти - сите што дејствувале на менувањето на традиционалното лице на скулптурата.

- Лаконски означен, денешниот поим на скулптурата е со префиксите „мулти“ и „интер“ - медијален, дисциплинарен, димензионален, лингвален. Од хомогено и компактно вајано тело во просторот, скулптурата денес е престорена во акумулирано мануелно и мисловно искуство на човекот, речиси безгранично, изразено преку одредена интервенција или акција на творецот - пишува Абаџиева во воведот на каталогот.

Вечерашната изложба ги третира делата што ги обединуваат искуствата на скулптурата, сликарството, графиката, театарот, филмот, архитектурата, дизајнот, видеото, фотографијата и други применети уметности. (В.И.)